Врз основа на член 383 став (1) точка 8) и член 479 став (2) од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 290/20), Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје, на седницата, одржана на 5 јануари 2021 година, донесе

# ОДЛУКА
## за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2020 година и на Финансиските извештаи за 2020 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2020 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2020 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар - Скопје за 2020 година

**Член 1**

Со оваа одлука за овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2020 година и на Финансиските извештаи за 2020 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2020 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2020 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје со Акционерското друштво Градски трговски центар-Скопје за 2020 година се избира Друштво за ревизија и бизнис консалтинг А&БА ГРОУП ДООЕЛ Скопје ул. „Париска“ бр. 50-1/8 во Скопје, врз основа на спроведена постапка за набавка од мала вредност за ревидирање на Годишната сметка за 2020 година и Финансиските извештаи за 2020 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2020 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2020 година, согласно Одлуката за избор на најповолна понуда, бр.05-2551/14 од 27.11.2020 година.

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44-11770/1-20**
**5 јануари 2021 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ – СКОПЈЕ

SHOQËRIA AKSIONARE E MENAXHIMIT TË HAPËSIRAVE AFARISTE NË PRONËSI SHTETËRORE - SHKUP

Ул. "Стале Попов" бр. 9, мезанин, локал 5 – Скопје
Телефон: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Rr. "Stale Popov" nr. 9, kati i ndërmjetëm, lokali 5 – Shkup
Numri i telefonit: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Бр.-Nr. 05-2551/14
27-11-2020 год.-vite.

Врз основа на член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр.24/2019 , член 25 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје (пречистен текст), Записник од отворање на понуди бр.05-2551/7 од 20.11.2020 г.,Извештај за текот на е-аукцијата бр.05-2551/12 од 24.11.2020 г. одржана на ден 23.11.2020 год., Извештај од спроведена постапка бр.05-2551/13 од 24.11.2020 г. од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.**16948/2020** , Директорот на Друштвото донесе :

**О Д Л У К А**
**за избор на најповолна понуда за**
**Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи.**

На основ на Записник од отворање на понуди бр. 05-2551/7 од 20.11.2020 г.,Извештај за текот на е-аукцијата бр. 05-2551/12 од 24.11.2020 г. одржана на ден 23.11.2020 год., Извештај од спроведена постапка бр.05-2551/13 од 24.11.2020 г. од Комисијата за јавни набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје, по Одлука за јавна набавка бр.05-2551/2 од 08.10.2020 г, со примена на постапка - Набавка од мала вредност со објавување на оглас во ЕСЈН со е-аукција, Договорот за **Ревидирање на годишна сметка и финансиски извештаи** се доделува на:

Друштво за ревизија и бизнис консалтинг
**„А & БА ГРОУП,, ДООЕЛ Скопје**
**Ул.„Париска,, бр.50-1/8, - Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 2 (две) прифатливи понуди.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од денот на добивањето на одобрувањето на Одлуката за избор на овластен ревизор за ревизија на Годишната сметка за 2020 година и на финансиските извештаи за 2020 година и ревидирање на Консолидираната годишна сметка за 2020 година и Консолидираните финансиски извештаи за 2020 година на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје со Акционерското друштво Градски Трговски Центар Скопје за 2020 година од страна на Владата на Република Северна Македонија, во својство на Собрание на акционери на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост -Скопје, да го извести понудувачот за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да ги извести:

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ – СКОПЈЕ

SHOQËRIA AKSIONARE E
MENAXHIMIT TË HAPËSIRAVE AFARISTE
NË PRONËSI SHTETËRORE - SHKUP

Ул. "Стале Попов" бр. 9, мезанин, локал 5 – Скопје
Телефон: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

Rr. "Stale Popov" nr. 9, kati i ndërmjetëm, lokali 5 – Shkup
Numri i telefonit: 3226-072
E-mail: addelpro.direkcija@addelpro.mk

-Понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

-Понудувачите кој поднеле прифатливи понуди кои не биле избрани за најповолни, за името на избраниот понудувач или понудувачи и причините за изборот.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема одлуката за јавна набавка, понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за економско финансиски работи и информатика за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Жалбата се изјавува во рок од **пет** дена од денот на приемот на одлуката за избор за најповолна понуда до Државната комисија за жалби по јавни набавки. Жалбата се изјавува до Државна комисија за жалби во електронска форма, а се доставува истовремено до Државна комисија и до договорниот орган преку ЕСЈН.

Генерален директор
Sheyal Ceku

**доставено до**:
Сектор за економско финансиски работи и информатика-Дирекција
Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
Архива

изготвил: Јанко Михајловски ________ 24.11.2020

контролирал: Анета Тодоровска ________

Светлана Сотировска ________